Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител – Национален превентивен механизам (НПМ) спроведе една ненајавена вонредна посета на 14.10.2016 и една ненајавена последователна посета на 28.10.2016 година на Прифатниот центар за баратели на азил – Визбегово.

Посетите на НПМ беа спроведени во рамките на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Овие посети следат по редовната посета која НПМ ја спроведе во Прифатниот центар за баратели на азил – Визбегово на 17. 05. 2016 година, за што изготви Посебен извештај со соодветни констатации и препораки кои беа доставени до директорот на Прифатниот центар за баратели на азил – Визбегово и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Целта на последователната посета е следење на спроведувањето на препораките од Посебниот извештај на НПМ од 17.05.2016 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Констатирано е дека препораките дадени од страна на Народниот правобранител се делумно спроведени. Се уште е потребно да се преземат конкретни активности за ангажирање и вработување на дополнителен број на лица во службата за обезбедување во Прифатниот центар за баратели на азил, да се обезбеди 24-часовно присуство на лекар во Прифатниот центар за баратели на азил, како и да се обрне поголемо внимание во делот на дистрибуцијата на оброците (она на што лицата во Центарот најмногу имаат поплаки), односно оброците да се дистрибуираат секојдневно, во три различни временски термини, а за време на викендите да се обезбедат топли оброци.

При последователната посета на Прифатниот центар за баратели на азил – Визбегово, НПМ констатира дека во Центарот се сместени 15 лица, од кои 10

машки и 5 женски лица. Од нив 8 беа малолетни деца во семејства (6 машки и 2 женски деца) и 7 возрасни лица (4 машки и 3 женски).

Според листата на лица сместени во Центарот, на денот на посетата во Центарот беа сместени 6 лица од Сирија, 4 лица од Авганистан, 4 лица од Србија и едно лице од Бугарија.

Од увидот во сместувачките капацитети во Центарот, НПМ утврди дека Центарот приврршува со реновирање на објектите и просториите за сместување. Имено, на денот на посетата веќе беа завршени сите започнати активности на градење и реновирање на собите за сместување на баратели на азил, и истите се чисти, средени, со организирани легла со чиста и нова постелнина и нови и реновирани санитарни јазли.

Во рамки на посетата констатирано е дека за децата баратели на азил се спроведуваат образовно-едукативно активности од неформален карактер, но сепак сè уште не се остварува правото на формално образование, согласно прописите за основно и средно образование, како што е предвидено во Законот за азил и привремена заштита.

Исто така, во Центарот за баратели на азил недостига присуство на преведувач во попладневните и ноќните часови.

Недостигаат и дневни креативни и рекреативни активности и поголем работен ангажман за лицата сместени во Центарот, а барателите на азил изразија потреба и од организирани посети на културни манифестации и на историски знаменитости.